Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 72, 10 декември 2011 година

декември 2011 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник за научните области електронски компоненти и интегрирана електроника на Електротехничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област меѓународни економски односи и меѓународна економија на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 10

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент за наставно-научната област претприемништво на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 12

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научна област бизнис менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 18

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракопис за учебник „Методика на наставата по книжевност-литературното дело и рецепиентот” од проф. д-р Виолета Димова, вонреден професор на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 20

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Е-бизнис“ (учебник) од авторот проф. д-р Ристе Темјановски од Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 23

**РЕЦЕНЗИЈА** на книгата „Трансфузиски трансмисивни заболувања” од авторите д-р Никола Камчев и д-р Милка Камчева од Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 28

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основи на програмирање“ од авторот д-р Владо Гичев од Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 34

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот Трговско право“ од м-р Борка Тушевска, асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот Трговско право“ од м-р Борка Тушевска, асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 38

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „Е-БИЗНИС“ (УЧЕБНИК) ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р РИСТЕ ТЕМЈАНОВСКИ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлуката бр. 1702 – 289/12 од 19. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет одржана на 31.10.2011 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Трајко Мицески, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
- проф. д-р Цвета Мартиновска, Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај-рецензија на приложениот ракопис со наслов **„Е-бизнис“** од **проф. д-р Ристе Темјановски**, наменет за студентите од прв циклус на студии при Економскиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот.** Учебното помагало - учебник „Е-бизнис” од проф. д-р Ристе Темјановски претставува континуирана заложба на авторот да ја оформи потребната литература од областа на електронското работење за студентите кои се соочуваат со анализа на прашања од оваа современа проблематика. Учебникот е подготвен за потребите на студентите од студиските програми: Меѓународна економија, Финансиски менаџмент, Менаџмент и претприемништво при Економскиот факултет во Штип и ги содржи сите предвидени содржини што се опфатени во предметната програма Е-бизнис, застапена во втора академска година (III или IV семестар, во зависност од насоката), со неделен фонд на часови 4 (1+1+1).

**Податоци за обем на ракописот.** Проблематиката која е предмет на обработка во скриптата е претставена во текст од вкупно 283 страници, од кои на 279 страници е претставен основниот текст, на четири страници се поместени 64 релевантни библиографски единици, периодични списанија и интернет страници, во најголем дел странска литература која ги покрива подрачјата што се третирани во трудот. Текстот во трудот е поткрепен со 37 илустрации и два табеларни прегледа. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонд Times New Roman, големина на буквите 12. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**. Трудот е напишан на оригинален начин и во него е опфатена комплексноста на проблематиката на е-бизнисот. И покрај тоа што во нашата земја постои мал број и опфат на јавно презентирана литература од оваа област, сепак проблематиката разработена со оваа методологија и во овој обем е неопходна за студентите на Економскиот факултет, за студентите кои ги изучуваат сродните економски проблематики и други дисциплини (студиите по информатика, по јавна администрација и сл.). Може да се каже дека трудот претставува научен материјал со висок квалитет кој може да се примени за стекнување на широки знаења од доменот на е-бизнисот, за студентите и за пошироката јавност. Во таа смисла, учебното помагало претставува единствен едукативен пишан стручен труд кој обработува ваква проблематика кај нас, приспособен на потребите за образование и едукација во областа на економските

науки. Затоа, овој учебник сметаме дека е особено значаен, како од теоретски, така и од практичен аспект за актуелните и идните професионалци кои се занимаваат со конкретната проблематика.

**Краток опис на содржината.** Од содржински аспект во трудот се опфатени осум тематски целини - глави, кои се однесуваат на: Глобализацијата, информатичката технологија и е-бизнисот (*глава I*); Е-бизнис (*глава II*); Технологија на електронското работење (*глава III*); Електронска трговија (*глава IV*); Електронски маркетинг (*глава V*); Електронско банкарство (*глава VI*); Е-учење (*глава VII*) и Е-бизнис во Република Македонија (*глава VIII*). Пред да ги истакнеме нашите оценки за трудот, како и предлогот, најнапред во скратена форма ќе ја презентираме неговата **содржина.**

Во *првото поглавје* од скриптата се запознаваме со глобализацијата, информатичката технологија и е-бизнисот, нивното значење, меѓузависност и влијание врз промената на глобалниот бизнис. Информатичките и комуникациските технологии (ИКТ) се сметаат за едни од главните движечки сили на светската економска трансформација. Иако ИКТ се тие кои можат да го моделираат новиот свет за попријатен амбиент, тие во исто време можат да доведат и до нови разделувања меѓу земјите и регионите. Особено тоа се однесува за сите оние што не се во можност да ги приоритетизираат информатичките ресурси како модел за трансформирање и целосно искористување на развојниот потенцијал што го нудат ИКТ. Како што технолошките иновации се оценуваат како главен динамички фактор за економскиот раст, носители на економскиот раст и развој можат да бидат не само големите корпорации, туку и малите и средните претпријатија доколку се во состојба да креираат, развиваат нови технолошки решенија и да ги обликуваат во нови производи или услуги. Според современите теории за економски раст, технолошките иновации, посебно во развиените земји ќе бидат поважен фактор од порастот на капиталот, бидејќи технолошкиот напредок го зголемува квалитетот, а со тоа значително ќе придонесува и за пораст на економската моќ.

Во *вториот дел* на книгата се разработува основиот концептот на **е-бизнис** проблематиката. Брзината, глобализацијата, унапредување на продуктивноста, пристапот до нови клиенти и размената на информации и знаење меѓу организациите и институциите со цел остварување конкурентни предности се термините кои го одредуваат е-бизнисот. Со е-бизнисот или електронското работење се редуцираат трансакционите трошоци, преку поефикасно менаџирање со порачките, набавките, продажбата, плаќањата и другите придружни-споредни трансакции во рамките на бизнис активностите на претпријатието. Интернетот му овозможува на бизнис работењето да биде активно 24/7/365, без годишни одмори и празници, без оглед дали се работи за индустриско претпријатие, училиште, трговско претпријатие, владина институција, услужно претпријатие или патничка агенција.

**Технологијата на електронското работење** е опфатена во *третата глава*. Авторот д-р Темјановски дава поимно објаснување и категоризирање на деловните или бизнис информациони системи. *Деловниот или бизнис информационен систем е систем кој служи за собирање, чување, обработување и пренесување податоци и информации во деловниот процес*. Системот кој ги врши дадените функции со цел да управува се нарекува *управувачки информационен систем* и претставува дел од деловниот информационен систем. Електронскиот информационен систем е систем кој користи информациона технологија (сметачки машини и телекомуникации) во своето функционирање. Тој го апострофира фактот дека основна поставеност на секој технолошки развој кој се развива и на кој се темели севкупниот цивилизациски напредок претставува *информацијата*. Секоја општествена заедница треба да обезбеди услови за слободен и непречен проток на информациите, што би претставувал механизам за мотивираност во општиот цивилизациски развој. Во тој контекст резултатите од интелектуалниот труд на луѓето треба да бидат сопственост на целото општество во идниот технолошки развој. Користењето на научните и технолошките информации е важен предуслов за совладување на туѓите и создавање на нови сопствени технологии, како и за максимално искористување на научниот и

технолошкиот потенцијал, кој ги користи информациите не само за секојдневните тековни задачи, туку и како поттик за нови креации. Без научните и технолошките информации една средина се доведува до интелектуална изолација која води до индиферентен однос на заедницата кон таа средина.

На проблемите поврзани со **електронската трговија** авторот го посветил *четвртото поглавје* во учебникот. Иако користат различна терминологија, јасно е дека различните истражувачи го делат мислењето дека електронската трговија вклучува широк спектар од компјутерски апликации чијашто заедничка цел е да обезбедат продажба на стоки и услуги на потрошувачите. Електронската трговија (e-commerce) најчесто се однесува на купување или продавање користејќи ја современата интернет технологија. Но е-трговијата вклучува многу повеќе од електронското посредување на финансиските трансакции меѓу организациите и комитентите. Многу напомени околу е-трговијата се однесуваат на сите електронски трансакции меѓу компаниите и која било трета страна која е вклучена во бизнис активноста.

Во однос на традиционалниот пазар, електронскиот пазар има неутрална посредничка улога меѓу купувачот и продавачот и извршува услуги за двете страни во трансакциите. Електронскиот пазар претставува виртуелно место на кое се среќаваат купувачите и продавачите поради размена на стоки и услуги. Овој пазар ги користи технологијата и стандардите на интернет технологијата, со цел дистрибуција на производите и реализација на on-line трансакцијата.

Компаниите кои се во состојба да се приспособат на новите деловни стратегии, со тоа што трансакциите ги вршат електронски, стануваат поконкурентни и поефикасни. Голем предизвик за современите фирми е подготвеноста за успешно конкурирање на глобалниот светски пазар. Меѓутоа, не е лесно да се решат социоекономските предизвици кои се јавуваат притоа. Клучен проблем претставува приватноста и довербата на потрошувачот. Чувствителноста на информациите и намалување на блискоста на оние кои собираат информации, предизвикува појава на страв во поглед на приватноста. Само оние компании кои се во состојба да ја обезбедат потполната доверба на потрошувачите и заштита на нивните лични информации ќе можат да ги задржат купувачите во иднина. Безбедноста налага чување на личните податоци од оние кои немаат потреба да ги знаат. Неопходно е да се воспостават системи за безбедносна заштита и на купувачите и на продавачите, така што купувачите ја стекнат довербата во електронската трговија.

Во *петтото поглавје* авторот фокусот на внимание го насочува кон **електронскиот маркетинг.** Управувањето и раководењето со маркетинг-активностите (маркетинг-менаџментот) е сложен процес преку кој треба да се овозможи остварување на целите на маркетингот. Овој процес во современи услови на стопанисување ги опфаќа сите аспекти на работењето на стопанските, па и нестопанските субјекти доколку во работењето се поаѓа од задоволувањето на желбите и потребите на потрошувачите, односно корисниците. Тоа значи дека само со таков начин на работење може да стане збор за маркетинг-менаџмент, односно само доколку активностите се остваруваат врз основа на принципите на маркетингот може да се зборува за маркетинг-менаџмент.

Треба да се има предвид дека маркетингот како концепција во работењето постојано се развива и во хоризонтална смисла, во примената во нови области особено во доменот на услугите и во непрофитните организации и институции, но и во вертикална смисла во навлегувањето во суштината на односите во стопанските субјекти. Тоа има влијание врз развојот на содржината и методите на управувањето и раководењето со маркетинг-активностите (маркетинг-менаџментот). Всушност, широчината и длабочината на инкорпорирањето на маркетинг-концепцијата во работењето предизвикува ист, односно соодветен пристап и во маркетинг-менаџментот. Токму тоа бара поблиску да се разгледаат меѓусебните односи на овие две поврзани активности, како и нивната меѓусебна условеност.

Во *шестото поглавје* е претставена технологијата на **електронското банкарство**. Електронското банкарство (e-banking) е вид на банкарско работење односно давање

банкарски услуги на физички и правни лица, кои се извршуваат со користење компјутерски мрежи и телекомуникациски медиуми. Електронското банкарство овозможува намалување на трошоците во извршувањето на работата, развој на голем број услуги приспособени според потребата на клиентите, т.е овозможува придобивање нови клиенти во банката. Интернет банкарството значи користење на Интернетот како далечински дистрибутивен канал за извршување на банкарски услуги, вклучувајќи ги и оние традиционалните, како што се отворање депозит или трансфер на фондови меѓу различни сметки, како и новите банкарски услуги, електронските презентирања на сметките и плаќањата, коишто им овозможуваат на клиентите да примаат и да плаќаат одредени износи преку веб-сајтот на банката. Банките го нудат интернет банкарството на два начина. Прво, постојните банки со физичка локација може да воспостават веб-сајт и да им нудат на своите муштерии интернет банкарство како дополнение на нивните традиционални дистрибуциони канали. Второ, банката може да се етаблира како „виртуелна банка“ или како банка без филијали или само како интернет банка, со компјутерски сервер кој служи како нејзина официјална локација. Виртуелните банки може да им овозможат на нивните клиенти можност да отворат депозити или да влечат средства од нивните сметки при банкоматите (ATMs) или други далечински дистрибуциони канали кои се сопственииштво на други институции. Електронското банкарство  ја менува банкарската индустрија и има огромни ефекти на банкарските односи и врски. Банкарството не е повеќе доверено на браншите каде што лицето мора да пристапи во банката лично за да повлече пари или да размени чек или да бара одредена состојба на својата сметка. Електронското банкарство овозможува секое барање или пак трансакција да се изведе on-line без никакви лични контакти со банката во кое било време. Обезбедувањето на електронското банкарство во последно време станува неопходно да се има, отколку што беше порано добро да се има. Овој начин на услужување на своите клиенти од страна на банките овозможува да се намалат трошоците, бидејќи овој начин на банкарство моментно е норма, а не исклучок само за развиените земји, а тоа е така поради фактот што електронското банкарство моментно е најевтиниот начин на обезбедување и извршување на банкарските услуги. Е-банкарството може да ни помогне да ги обезбедиме своите заштеди и проверка на сметките, да аплицираме за заеми или, пак, да ги плаќаме сметките брзо и лесно. За да уживаме во неговите полни бенефиции мора да разбереме дека тоа може да понуди и знае како да помогне доколку ни е потребна помош. Тоа е услуга која ја обезбедуваат банките и кредитните унии кои овозможуваат банкарските трансакции да се одвиваат преку Интернет, користејќи персонални компјутери, мобилни телефони или пак лаптопи и преку нив би биле во можност да: влеземе во нашите сметки, односно да имаме пристап до нив во секое време. па дури и во викендите, да ги погледнеме нашите биланси и да провериме дали сметките или депозитите се исчистиле, да се направи трансфер на средства меѓу одделни сметки, симнување информации директно од персоналниот финансиски софтвер, примање и плаќање на сметки on-line и слично.

Погодностите, начините и моделите на е-учење се разработени во *седмото поглавје*. Е-учењето е on-line испорака на информација со цел учење, обука или знаење за менаџментот. Тоа е веб-систем кој го прави знаењето достапно за оние на кои им треба, кога им треба, во секое време, секаде. Е-учењето може да е корисно и за средината за зајакнување на учењето во училиштата и за средината за ефективна корпоративна обука. Е-учењето со новата содржина и пристап ќе помогне организациите и земјите да се адаптираат на барањата на интернет економијата со обука на вработените и едукација на граѓаните. Е-учењето може да заштеди пари, да го редуцира времето за патување, да го зголеми пристапот до експертско мислење, овозможи голем број студенти симултано да земаат часови, обезбеди едукација за побарувачката и обезбеди самостојно учење. Исто така, може да го направи учењето помалку фрустрирачко, правејќи го поинтерактивно и привлечно.

Е-бизнисот во Република Македонија се елаборира во учебникот во последното *осмо поглавје*. И покрај тоа што постои големо интересирање за трговијата преку Интернет, и од страната на потрошувачите и од страната на трговците, таа сè уште не го достигнала

саканото ниво во Македонија. Зошто? Во развиениот свет, буквално сè може да се набави и купи преку Интернет. Од книги, цедеа, најнови софтверски решенија, лекови, козметика, облека, па дури и лесни видови дрога. На истиот начин можат да се платат сметки за вода, струја, парно. Може да се комуницира и со државни институции, избегнувајќи ги долгите редици пред шалтерите. Преку Интернет можат да се платат таксите за добивање на потребните документи, изводи од матични книги на родените, поседовни листови, катастарски скици... Во случајот на Македонија, во последниве години забележителни се чекори нанапред. Имено, се банките целосно се преструктуирани со воведувањето на е-банкарство, со кое се овозможува проверка на состојбата на сметката или плаќање на комуналиите преку Интернет. Развојот на електронската трговија треба да го поттикнат банките, со тоа што ќе им овозможат на компаниите што имаат свои интернет-продавници, начин за on-line верификација на кредитните картички издадени од нив, а со тоа и да овозможат потврда за валидноста на трансакциите. Сепак, банките се и оние субјекти што најмногу ја забавуваат трговијата преку Интернет и на интернет-купувањето, воопшто. Се разбира, тука се и купувачите. Мал број македонски купувачи располагаат со кредитна картичка (предуслов за купување преку Интернет). И покрај тоа што оваа состојба во последно време забрзано се менува и процентот од населението што поседува кредитна картичка се зголемува, сепак постојат фактори што го ограничуваат користењето на картичките. Најголем дел од можностите што ги нуди Интернетот останува неискористен од македонските компании. Малиот број македонски компании што имаат детален каталог за производи и услуги на Интернет, со можност за нивна нарачка, сепак се решаваат плаќањето да го извршат на фактура (при што корисникот ги уплаќа парите на сметка на продавачот на класичен начин или преку електронско банкарство) или по извршена достава, кога плаќањето се извршува во готово. Присутен е и случајот кога некоја од туристичките агенции ќе достави електронска авиокарта, но поприсутно е резервирањето авиокарти преку Интернет. Идејата за резервирање лекови преку Интернет, секако, дека треба да биде поддржана. Сепак, неизбежна е констатацијата дека она што во развиените земји е практика, кај нас е во зародиш.

## ЗАКЛУЧОК

Учебникот од проф. д-р Ристе Темјановски е систематски и логички подреден на современ начин, и во осум глави се прикажани теми со соодветна поврзаност на теоријата и практиката на основната проблематика на електронското работење кај нас и во светот. На еден јасен, стручно методолошки пристап и низ практични примери, студентите да можат без тешкотии да ја совладаат оваа материја. Трудот е поткрепен со бројни податоци, документарни табеларни прегледи и графикони, како основа на анализите, истражувањата и констатациите по клучните прашања содржани во трудот. Тие исто така претставуваат аргументација и одговор на бројните прашања за улогата, значењето и перспективата на електронското работење.

Трудот заслужува внимание поради неговата актуелност и методолошки пристап во истражувањето, кој може да се оцени како интегрален, целисходен и исцрпен според широчината на опфатот на спроведените истражувања и информации. Сметаме дека овој труд кој ќе предизвика голем интерес кај нашата јавност, ќе им овозможи на студентите и од економските и сродни научни дисциплини да се стекнат со потребните знаења за оваа област, а ќе даде придонес и во научната и стручната јавност и затоа со големо задоволство препорачувам да биде објавен.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Научно-наставниот совет на Економскиот факултет во Штип да му предложиме ова учебно помагало (учебник) со наслов „Е-бизнис" од проф. д-р Ристе Темјановски да го одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Трајко Мицески, редовен професор, с.р**
**Д-р Цвета Мартиновска, вонреден професор, с.р**